**20260931433**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 31 став (11) од Законот за јавните набавки (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 87/21 и 14/25), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на користење на Електронскиот систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН).

Член 2

ЕСЈН го сочинуваат електронска опрема, средства и програми што овозможуваат далечинска комуникација и размена на податоци и е достапен на интернет.

Член 3

Инфраструктурата на ЕСЈН е поставена на виртуелна платформа сместена во дата центар со стандарди за највисока безбедност на податоците и информациите на корисниците – примарна локација. Поради безбедносни потреби, на виртуелната платформа е имплементирана и секундарна локација за обнова на податоците, а во рамките на инфраструктурата на Министерството за финансии - Бирото за јавни набавки (во натамошниот текст: Бирото) е имплементирана и резервна локација за податоците.

ЕСЈН содржи систем за заштита од штетни софтверски програми, врши проверка при секој прием на податоци и редовно се надградува со најновите дефиниции на штетни софтверски програми.

ЕСЈН содржи огнени ѕидови за заштита на внатрешните сегменти од надворешен пристап, кои се конфигурирани на начин што секој пристап и протокол кој не е потребен за функционирање на ЕСЈН е оневозможен.

По потреба се користи и далечински пристап до серверите и до апликацијата преку виртуелна приватна мрежа (VPN). Пристапот го обезбедува носителот на набавката каде што е поставен ЕСЈН.

Член 4

Договорните органи и економските оператори пополнуваат веб формулар за регистрација кој е составен дел од ЕСЈН.

Договорните органи ги доставуваат податоците од веб формуларот, во хартиена форма со потпис и печат или електронски потпишани во електронска форма до Бирото, за активирање на локалниот администратор на договорниот орган.

Економските оператори по пополнување на веб формуларот на ЕСЈН добиваат про-фактура за надоместок за користење. По евидентирање на извршената уплата, профилот на економскиот оператор е регистриран на ЕСЈН.

За секоја промена на називот во Централен регистар на Република Северна Македонија, регистрираниот економскиот оператор треба веднаш да го извести Бирото.

На ЕСЈН се регистрира секој економски оператор или член на група кој сака да учествува на јавни набавки.

Член 5

Во рамките на секој регистриран договорен орган и економски оператор може да има повеќе корисници.

За најава, користење на функционалностите и преземање дејствија преку ЕСЈН секој корисник употребува свое корисничко име и лозинка. Корисникот може да ја промени лозинката што му ја генерира ЕСЈН, но не и неговото корисничко име.

Корисниците не треба да ги споделуваат корисничкото име и лозинката со други лица и да овозможуваат најава на сопствениот профил на други лица.

Секој корисник е одговорен за точната и безбедна употреба на своето корисничко име и лозинка, како и за сите активности и акции што ги презема на ЕСЈН. Регистрираните корисници ги користат само своите лични профили за работа на ЕСЈН.

Доколку корисникот смета дека има неовластена најава на неговиот профил, веднаш го известува Бирото и презема мерки за промена на лозинката.

Секое лице кое се регистрира како корисник на ЕСЈН, при пополнување на веб формуларот за регистрација се запознава и се согласува дека ќе ги почитува општите правила и услови за користење на ЕСЈН како и дека неговата е-маил адреса може да се користи за испраќање на групни известувања за новини и надградби на системот, известувања за технички проблеми и слично.

Локалниот администратор кај договорниот орган и економскиот оператор врши активирање и деактивирање на останатите корисници. Само активните корисници можат да го користат системот и да примаат нотификации поврзани со користењето на ЕСЈН. Локалниот администратор за било која промена во договорниот орган навремено и соодветно ја ажурира листата на корисници.

Покрај локален администратор, кај договорниот орган треба да се регистрираат: единица за јавна набавка, комисија за јавна набавка и одговорно лице.

Локалниот администратор кај договорниот орган соодветно регистрира, активира и деактивира корисници што вршат ревизија на работата на договорниот орган, кои можат само да ги прегледуваат документите од постапките, без да имаат можност да бришат, менуваат или прикачуваат документи.

Член 6

За обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, ЕСЈН воспоставува и применува организациски и технички мерки, согласно прописите за заштита на лични податоци.

Член 7

Следењето и управувањето со ЕСЈН го врши главен систем администратор.

Главниот систем администратор особено ги извршува следниве работи:

- активира/деактивира договорни органи и економски оператори, и менува нивни општи податоци;
- активира/деактивира внатрешни корисници на договорни органи и економски оператори и менува нивни податоци;
- уредува, брише, менува статуси на огласи и известувања, согласно со овластувањата;
- презема корективни дејствија на ЕСЈН со цел поправка на технички грешки направени од корисниците на ЕСЈН, како и поправка на дејствија или пропуштање за преземање на дејствија утврдени согласно закон;

- презема акции и креира технички решенија во профилите на договорните органи или економските оператори, како и кај објавените огласи и известувања, со цел веродостојно прикажување на податоците од јавните набавки и транспарентно следење на постапките за јавни набавки;
- во случај на технички проблем на системот при поднесување на пријава за учество, пријава за интерес или понуда, доколку истата е прикачена на системот, а рокот за поднесување е изминат, ги прави достапни веќе прикачените документи;
- доколку е потребно се најавува на електронските уреди на корисниците од далечинска локација, преку безбедни електронски алатки, со цел утврдување и надминување на проблемот;
- при решавање на технички проблем на системот, во исклучителни случаи, преку безбедносни електронски алатки, ги користи за најава корисничкото име и лозинката на корисникот, а по решавање на проблемот, корисникот треба да ја смени својата лозинка;
- презакажува е-Аукции и менува статуси на електронски постапки во случај на технички проблем или по известување од Државната комисија за жалби по јавни набавки;
- по потреба или по поднесено барање врши анализа на логови и записи од базата на податоци на ЕСЈН со цел утврдување на неправилности при користењето на системот и
- други дејства потребни за редовно функционирање на ЕСЈН.

Главниот систем администратор на ЕСЈН овозможува пристап до системот на Државната комисија за жалби по јавни набавки, Управниот суд, Вишиот управен суд и на други надлежни органи согласно закон.

Член 8

ЕСЈН врши шифрирање на понудите и оневозможува нивно дешифрирање сé до денот и часот на отворањето на понудите, а за време на спроведувањето на електронските аукции ЕСЈН го оневозможува откривањето на идентитетот на учесниците на електронската аукција.

ЕСЈН обезбедува интегритет и доверливост на целокупната документација во врска со постапките за јавни набавки.

Комуникацијата помеѓу корисниците и ЕСЈН се одвива на апликативно ниво преку шифрирана (SSL) комуникација.

Член 9

Во постапките водени со користење на електронски средства преку ЕСЈН, се употребува квалификуван сертификат за електронски потпис согласно прописите за електронски потпис. Електронскиот потпис се аплицира со употреба на алатка за дигитално потпишување на документи на ЕСЈН.

Со квалификуван сертификат за електронски потпис, се потпишуваат документите кои сам ги изготвува понудувачот или се автоматски креирани од ЕСЈН врз основа на податоци внесени од понудувачот. Останатите документи кои се бараат во постапката, а кои се издадени од други органи се приложуваат во оригинална електронска форма или во скенирана форма доколку се издадени во хартија.

Алатката за дигитално потпишување ги потпишува и документите кои не се безбедносно заклучени, не се енкриптирани и се креирани во форматот PDF.

Доколку електронскиот потпис кој е содржан во понудата е издаден од странски издавач, потребно е издавачот да биде авторизиран (регистриран) во земјата на потекло како официјален издавач на квалификувани сертификати за електронски потписи.

При поднесувањето на понудата, на документот на финансиска понуда автоматски преку ЕСЈН се аплицира квалификуван електронски временски жиг.

При проверка на документите потпишани со електронски потпис, за време на потпишување се смета времето на аплицирање на квалификуваниот електронски временски жиг.

Електронскиот потпис треба да биде валиден до крајниот рок за поднесување на понудите, пријавите за интерес или пријавите за учество.

Член 10

Договорниот орган го користи ЕСЈН за преземање на следните дејствија:

- објавување и изменување на годишниот план за јавни набавки;
- објавување и спроведување на технички дијалог;
- објавување претходно информативно или периодично индикативно известување;
- поднесување на барање за претходно мислење за спроведување на постапка со преговарање без објава на оглас;
- спроведување на набавка преку електронскиот пазар на набавки од мала вредност (во натамошниот текст: електронски пазар);
- објавување на оглас за јавна набавка за набавка од мала вредност, поедноставена отворена постапка, отворена постапка, ограничена постапка, постапка со преговарање со објавување на оглас, конкурентна постапка со преговарање, конкурентен дијалог, партнерство за иновации;
- објавување оглас за конкурс за избор на идејно решение;
- објавување оглас за воспоставување на квалификациски систем;
- објавување на оглас за воспоставување на јавно приватно партнерство како концесија за јавни работи и јавни услуги;
- објавување на техничка спецификација и останати прилози;
- објавување на известување за измени и дополнителни информации во постапката;
- објавување на известување за доброволна претходна транспарентност;
- објавување на одговори на прашања поставени од економските оператори во постапката за доделување на договор за јавна набавка;
- отворање и евалуација на понудите или пријавите за учество во постапката за доделување на договор за јавна набавка;
- водење на записник за отворањето на понудите и подготвување на листи и извештаи за спроведените постапки согласно со Законот за јавните набавки (*);
- испраќање на покани до избраните кандидати согласно со Законот за јавните набавки (*);
- поставување на прашања и барање на појаснувања и дополнувања на документите во текот на евалуацијата на понудите или пријавите за учество;
- подготвување, донесување, испраќање и објавување на одлуки во врска со извршената претквалификација, доделувањето на договорот за јавна набавка, склучувањето на рамковна спогодба или поништувањето на постапката за доделување на договор за јавна набавка;
- спроведување на електронска аукција;
- барање на документација за докажување на способност од најповолниот понудувач;
- креирање и објавување на негативни референци;
- доставување на одговор по жалба;
- оформување и чување на досие за постапката за доделување на договор за јавна набавка или склучување на рамковна спогодба;
- дополнување на образецот на поднесената финансиска понуда со цени по спроведена аукција;
- објавување на известување за склучен договор;

- објавување на известување за поништување на постапката;
- објавување на известување за измена на договорот за време на неговата важност;
- објавување на квартални евиденции и
- објавување на известување за реализиран договор.

При пополнување на огласите и известувањето за технички дијалог, договорниот орган ја избира соодветната категорија на набавка заради испраќање информација до сите регистрирани економски оператори за категоријата на набавка за која е објавен нов оглас или известување со цел обезбедување на поголема конкуренција.

ЕСЈН автоматски ја креира тендерската документација за постапката за јавна набавка, врз основа на внесените податоци од страна на договорниот орган при објавата на огласот. Договорниот орган не прикачува тендерска документација креирана надвор од системот.

Договорниот орган креира образец на финансиска понуда преку пополнување на соодветната форма и поле на ЕСЈН, со користење на алатката за креирање на понуда, при објавувањето на огласот. Документи на обрасци на финансиска понуда креирани надвор од соодветната форма и поле на ЕСЈН, не се прикачуваат на системот, освен во случај на набавка на работи или по претходно дадени упатства од Бирото.

Договорниот орган прикачува техничка спецификација, образец на техничка понуда и сите други обрасци кои ги предвидел во тендерската документација, во соодветните полиња на ЕСЈН при објавувањето на огласот за јавна набавка.

Член 11

Регистрираниот економски оператор го користи ЕСЈН за преземање на следните дејствија:

- добивање информации за нови огласи, набавки од мала вредност кои се вршат преку електронскиот пазар и известувања за технички дијалог по е-пошта и во сандачето на ЕСЈН, за три или повеќе основни категории;
- учество на технички дијалог објавен на ЕСЈН;
- составување на електронски каталози и учество на набавките кои се вршат преку електронскиот пазар;
- преземање на тендерска документација;
- поставување на прашања и добивање на одговори во постапката за доделување на договор за јавна набавка;
- доставување на понуда или пријава за учество, како и на бараната документација;
- доставување на потврда на интерес;
- доставување на понуда во форма на електронски каталог;
- одговарање на прашања поставени од договорниот орган во текот на евалуација на понудите;
- учество на електронска аукција;
- доставување на документи за утврдување на способност;
- доставување на жалба и
- преглед на целокупното досие од постапката во периодот на жалба, како и преглед на документацијата од постапките и аукциите на кои учествувал.

Економскиот оператор финансиската понуда ја внесува преку формата на ЕСЈН со пополнување на соодветниот образец, освен при набавка на работи или по претходно дадени упатства од Бирото во кој случај може да се прикачи документ на финансиска понуда креиран надвор од формата на ЕСЈН. По пополнувањето на формата, автоматски се креира неговата финансиска понуда.

Член 12

При регистрација на домашните економски оператори на ЕСЈН, податоците од нивната регистрација во Централниот регистар на Република Северна Македонија, автоматски се преземаат на корисничкиот профил на тој економски оператор на ЕСЈН.

Регистрираниот економски оператор може да купи документи од Централниот регистар на Република Северна Македонија преку услугата „Единствен документ за јавни набавки" која е овозможена преку ЕСЈН. Во овој случај ЕСЈН преку сервисот воспоставен со Централен регистар на Република Северна Македонија ја регулира валидноста на документите со кои се докажува дека не треба да биде исклучен од постапката. Економскиот оператор документите кои лично ги издава и останатите документи кои се издадени од други надлежни органи, а не се дел од услугата „Единствен документ за јавни набавки" , ги прикачува во соодветното поле при поднесување на понудата.

Член 13

Комуникацијата во ЕСЈН се спроведува преку:

- испраќање на пораки кои ЕСЈН автоматски или полуавтоматски (со можност за уредување) ги генерира по преземање на одредено дејствие или пораки составени и испратени од корисник преку соодветен модул во ЕСЈН до електронското сандаче на ЕСЈН и регистрираната адреса на е-пошта на друг корисник;
- испраќање или зачувување на пораката во електронското поштенско сандаче за испратена/примена електронска пошта, кое му стои на располагање на секој регистриран корисник и
- со објавување на податоците на јавниот дел од веб локацијата.

Доставата на пораката се смета за успешно извршена со нејзино поставување во електронското поштенско сандаче на ЕСЈН на корисникот. За време на прием на една порака во електронското поштенско сандаче на примателот се смета времето кое се појавува како време на испраќање во електронското поштенско сандаче на ЕСЈН на испраќачот.

ЕСЈН го евидентира економскиот оператор и времето во кое извршил преземање на тендерска документација. При секое објавување на известување за измени и дополнителни информации во постапката, ЕСЈН автоматски испраќа е-порака со известување за направената измена само до економскиот оператор кој претходно ја презел тендерската документација.

Секое испраќање/прием на документ и поставувања на прашање/одговор во комуникацијата помеѓу договорниот орган и економскиот оператор, ЕСЈН го потврдува со автоматско испраќање на известување и наведување на точното време во електронското поштенско сандаче на ЕСЈН.

ЕСЈН оневозможува прием на понуди кои се доставуваат по истекот на крајниот рок определен за нивно поднесување, при што системот автоматски генерира и доставува порака до електронското поштенско сандаче на испраќачот економскиот оператор кој задоцнил со доставувањето на понудата.

Сите огласи, известувања за технички дијалог и известување за измени и дополнителни информации во постапката кои се испратени до ЕСЈН до 15:30 часот се објавуваат истиот ден.

Поставувањето на прашање/одговор помеѓу економските оператори и договорните органи може да се објави/постави/одговори најдоцна до 15:30 часот во законски утврдените рокови.

ЕСЈН автоматски го оневозможува објавувањето на нов оглас за јавна набавка на договорни органи кои не ги почитуваат обврските за објава на известувања како и подмирување на надоместокот за користењето на системот.

На договорниот орган ќе му биде овозможено да објави оглас по автоматска проверка на ЕСЈН за исполнување на обврските.

Член 14

Во текот на евалуацијата, ЕСЈН автоматски ги пресметува бодовите за елементот цена во случај на користење на критериумот на најдобар однос помеѓу цената и квалитетот или при користење на пристапот на исплатливост. Доколку критериум за доделување на договор за јавна набавка е најниска цена ЕСЈН прави автоматско рангирање на понудувачите. Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, прво рангиран ќе биде оној понудувач кој прв ја поднел понудата. Доделените бодови од страна на Комисијата за јавни набавки за елементите кои не се бодуваат по формула се внесуваат во соодветните полиња на ЕСЈН.

ЕСЈН автоматски ги рангира понудувачите според вкупниот број на бодови. Доколку две или повеќе понуди имаат ист број на вкупни бодови, ЕСЈН ќе ја рангира на прво место онаа понуда која прва го постигнала најголемиот број на бодови, по спроведена аукција. Во случај на ист број вкупни бодови кога не се спроведува аукција, ЕСЈН го рангира на прво место оној понудувач кој прв ја поднел понудата.

Член 15

Преку ЕСЈН може да се спроведе електронска аукција како последна фаза на постапката која претходно е спроведена преку ЕСЈН.

Предмет на електронска аукција е цената на понудата изразена во апсолутен износ или во проценти.

До почетокот на електронската аукција може да се изврши промена на информациите и повторно да се закаже електронска аукција со што преку ЕСЈН се испраќа нова порака до понудувачите чии понуди се прифатливи.

Доколку во постапката со електронска аукција критериум е најниска цена, тогаш како почетна цена во ЕСЈН автоматски се поставува најниската цена од сите понуди што претходно се евалуирани и прифатени за учество на електронската аукција.

Доколку како критериум за избор на најповолна понуда се користат најдобар однос помеѓу цената и квалитетот или трошоци во животниот век, а договорниот орган одлучил да спроведе електронска аукција, Комисијата за јавни набавки прави целосна евалуација на поднесените понуди и почетна ранг листа, при што доделува бодови за секој елемент, пред закажување на електронската аукција. Во овој случај понудувачите ги намалуваат своите првично поднесени цени, додека бодовите доделени за останатите елементи остануваат непроменети.

Договорниот орган преку ЕСЈН закажува електронска аукција при што го определува денот и часот на започнување и затворање на аукцијата, минималните и максималните прагови на намалување кои се дозволени во процесот на негативно наддавање, за што ги поканува понудувачите кои доставиле прифатливи понуди и кои се регистрирани во ЕСЈН. Во поканата се наведува и исходот од целосната евалуација на соодветната првична понуда на понудувачот до кој се испраќа поканата.

Поканата за учество на електронската аукција се испраќа истовремено и до корисникот кој ја поднел понудата на ЕСЈН и до регистрираната адреса на е-пошта на економскиот оператор.

Почетната цена за негативното наддавање се генерира на ЕСЈН врз основа на првично поднесените цени од прифатливите понуди.

Минималното времетраење на една електронска аукција е 15 минути. На ЕСЈН не може да се спроведе електронска аукција за време на државни празници и неработни денови како ни да започне пред 8:00 часот и по 16:00 часот.

За време на електронската аукција, доколку тековната цена на електронската аукција се изедначи или спушти под утврдените минимални и максимални прагови кои се дадени од страна на договорниот орган, учесниците можат да вршат намалувања надвор од минималните и максимални прагови.

ЕСЈН автоматски го продолжува времето за негативно наддавање за дополнителни три минути, секогаш кога во последните три минути од времето определено за негативно наддавање се поднесе нова цена. ЕСЈН врши континуирано автоматско продолжување на времето за дополнителни три минути се додека во последните три минути се доставува нова цена.

Електронската аукција автоматски се затвора доколку во последните три минути не се достави нова цена.

Продолжувањето на електронската аукција за дополнителни три минути, не влијае врз текот на друга електронска аукција каде што учествува ист економски оператор, доколку настане временско преклопување на истите.

Член 16

Кога предметот на договорот за доделување на јавна набавка е делив, за секој дел од предметот на набавката преку ЕСЈН се определува датум и час на започнување и завршување на електронската аукција, односно за секој дел се спроведува посебна електронска аукција која не може да се закаже во исто време за различни делови од иста постапка за јавна набавка.

Член 17

Доколку настане технички проблем, техничка грешка, пад или недостапност на ЕСЈН, при што економските оператори се оневозможени од учество на постапка која се спроведува со користење на електронски средства или учество на електронска аукција, главниот администратор на ЕСЈН врши анализа, а по потреба го пријавува проблемот и до одржувачот на апликацијата, и во зависност од природата на техничкиот проблем предлага мерки за надминување на истиот и тоа:

- овозможува презакажување на аукцијата,
- овозможува продолжување на рокот во случаи кога е можно да се продолжи крајниот рок на поднесување на понудите, пријава за интерес/учество или
- овозможува надминување на техничкиот проблем и/или предлага решенија за продолжување на постапката на ЕСЈН во сите случаи каде тоа е можно, во спротивно ќе даде инструкции за поништување на постапката.

Технички проблем на ЕСЈН не претставува прекин на интернет врската кај економскиот оператор, неправилно користење на апликацијата на ЕСЈН и неправилно користење на алатката за дигитално потпишување на документи од страна на економскиот оператор или договорниот орган или друг технички проблем со нивниот информациски систем.

Член 18

ЕСЈН воспоставува веб сервиси со Министерство за финансии, Централен регистар на Република Северна Македонија, Јавно претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Народна банка на Република Северна Македонија, Министерство за дигитална трансформација и други институции со цел размена на податоци за потребите на системот за јавни набавки.

Електронскиот систем нуди можност за автоматско преземање на годишните планови за јавни набавки, објавените огласи и известувања од страна на договорните органи заради објава на истите и на нивните веб страници.

Бирото располага и управува со базата на податоци на ЕСЈН. Од податоците со кои располага ЕСЈН се генерираат различни видови на статистички извештаи, се генерираат различни видови на индикатори за следење на ризиците во јавните набавки, врз основа на податоците што ги внесуваат корисниците во системот и останати прегледи, кои се користат за унапредување на системот за јавни набавки, како и за разни видови анализи и истражувања. Бирото може да ги обработува и моделира податоците со цел креирање на конечни извештаи за состојбата на системот за јавни набавки.

Јавните податоци на ЕСЈН, во достапните формати, може да ги користат сите заинтересирани баратели на информации, во согласност со безбедносните протоколи на ЕСЈН и политиката за користење на податоците. Доколку некој барател на информации или заинтересирано лице постапува во спротивност со безбедносните протоколи на ЕСЈН, политиката на користење на податоците на ЕСЈН и прописите од областа на електронските комуникации, Бирото ќе му го ограничи пристапот до ЕСЈН.

Член 19

ЕСЈН врши автоматско оформување на досието за јавни набавки, складирање на електронските документи и води евиденција во посебна евидентна книга во електронска форма за постапките за јавни набавки.

За секој договорен орган ЕСЈН автоматски генерира посебна евидентна книга која се состои од повеќе евидентни листи.

Документите од оформеното досие за постапката за јавна набавка се чуваат во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Член 20

Изјавувањето на жалбата кај електронските постапки, давањето на одговор и доставувањето на решението по жалба се врши преку ЕСЈН. Сите документи кои ја сочинуваат жалбената постапка се доставуваат преку ЕСЈН и се достапни преку системот.

Член 21

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на користење на Електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/19 и 271/19).

Член 22

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-3648/1
29 април 2026 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.